БРОЈ 1, АПРИЛ 2026

# ОСНОВЕН КРИВИЧЕН СУД СКОПЈЕ

## ВО ОВА ИЗДАНИЕ:

### Судот во бројки - прв квартал

Статистика за решени предмети - преглед на донесени пресуди по области во прв квартал

Статистика за кривични дела од областа на организираниот криминал и корупција

### Судска практика

1. Преиначување на ослободителна во осудителна пресуда поради измена на обвинението во жалбена постапка
2. Првостепена пресуда за фалсификување пари и злосторничко здружување
3. Првостепена пресуда за перење пари преку фиктивни вработувања
4. Криумчарење на мигранти - затворска казна и протерување странски државјанин

### Актуелно - Безбеден град

Што ако не ја прифаќате одговорноста за сообраќаен прекршок?

### Интервју

Александар Камбовски, Претседател на Судски совет




Почитувани,

Судот е институција во која секојдневно се носат одлуки важни за луѓето, за нивните права и за довербата во правдата. Токму затоа сметаме дека е важно јавноста да има пристап до јасни, точни и навремени информации за нашата работа.

Нашата цел е преку отворена и транспарентна комуникација да придонесеме кон поголема информираност, доверба и разбирање меѓу судот и јавноста.

# СУДОТ ВО БРОЈКИ

## Решени предмети

Преглед на донесени пресуди по области

**620** пресуди

Оддел за кривично полнолетни

**60** пресуди

Малолетници

**6534** пресуди

Прекршоци

# СУДОТ ВО БРОЈКИ

## ПРВ КВАРТАЛ **2026**

**ВО ПРВИОТ КВАРТАЛ ВО СПЕЦИЈАЛИЗИРАНОТО СУДСКО ОДДЕЛЕНИЕ НАДЛЕЖНО ЗА СУДЕЊЕ НА КРИВИЧНИ ДЕЛА ОД ОБЛАСТА НА ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ И КОРУПЦИЈА ОДРЕДЕНИ СЕ:**



**42**

ЕФЕКТИВНИ ПРИТВОРИ

**02**

КУЌНИ ПРИТВОРИ

**02**

КРАТКОТРАЈНИ ПРИТВОРИ

**15**

ЛИЦА СО МЕРКИ НА ПРЕТПАЗЛИВОСТ

**08**

ПРЕСУДИ ВРЗ ОСНОВА НА ПРЕДЛОГ - СПОГОДБИ

**35**

ПРЕСУДИ

**21**

ОСУДЕНО ЛИЦЕ КОЕ ЗАПОЧНАЛО СО ИЗДРЖУВАЊЕ КАЗНА ЗАТВОР

# СУДСКА ПРАКТИКА

Информациите се објавуваат во едукативна цел, со почитување на начелата на пресумпција на невиност, заштита на личните податоци и правата на странките во постапката.
Објавувањето има и информативен карактер со цел унапредување на правната сигурност и правната култура, преку увид во конкретни пресуди.

## ПРЕИНАЧУВАЊЕ НА ОСЛОБОДИТЕЛНА ВО ОСУДИТЕЛНА ПРЕСУДА ПОРАДИ ИЗМЕНА НА ОБВИНЕНИЕТО ВО ЖАЛБЕНА ПОСТАПКА

**Што се случува кога обвинението е поставено за кривично дело „сторено со умисла“, а доказите укажуваат на можност делото да било „сторено од небрежност“?**

Во кривичното право, формата на вина е многу значајна. **Умисла** постои кога сторителот бил свесен за своето дело, го сакал неговото извршување и бил свесен дека со таквото постапување може да настапи штетна последица. **Небрежност**, пак, значи дека сторителот бил должен и можел да ја предвиди штетната последица, но не ја предвидел или ја предвидел но лекомислено сметал дека нема да настапи или дека ќе ја спречи.

Во конкретниот случај, обвинението било поставено за кривично дело сторено со умисла. По укинување на првостепената одлука и повторно постапување на судот, јавниот обвинител не го изменил обвинението. Затоа првостепениот суд одлучувал во рамките на така поставеното обвинение.

Од доказите било утврдено дека оштетената - мигрантка - била погодена со куршум кој потекнувал од службениот пиштол на обвинетиот - полициски службеник. Непосредно пред испукувањето, обвинетиот имал оружје во рака и дошло до физички контакт и туркање со друго лице, по што следело испукување.

Првостепениот суд оценил дека не е докажано дека обвинетиот постапувал со умисла. Бидејќи обвинението било поставено токму на таа основа, судот донел ослободителна пресуда. Во жалбената постапка, повисокиот јавен обвинител извршил измена на обвинението во делот на вината, односно обвинението било насочено кон небрежност наместо умисла.

Апелациониот суд ја прифатил оваа измена и оценил дека од утврдените факти произлегува кривична одговорност на обвинетиот во форма на небрежност.

Според ставот на Апелациониот суд, обвинетиот, како службено лице кое ракувало со оружје, бил должен и можел да ја предвиди штетната последица.

Судот оценил дека тој не презел доволно мерки за безбедно ракување со оружјето, особено во ситуација во која имало физички контакт и туркање. Поради тоа, Апелациониот суд ја преиначил првостепената ослободителна пресуда и донел осудителна одлука.

### ПРАВНА ПОЕНТА

Овој предмет покажува колку е важно обвинението прецизно да ја опфати формата на вина. Кога обвинението е поставено само за умисла, а доказите укажуваат на небрежност, судот, под строго определни законски услови, може самостојно да ја замени формата на вина.

Измената на обвинението во жалбена постапка може да биде одлучувачка доколку овозможи судот да ја оцени кривичната одговорност во согласност со фактичката состојба утврдена од доказите.

**Зошто е ова важно?**
Оваа одлука е значајна затоа што ја објаснува врската меѓу обвинението, доказите и судската одлука. Судот одлучува во рамките на обвинението, а кога обвинението е изменето во соодветна процесна фаза, тоа може да доведе до поинаков исход на постапката.

**Пресуда КОК.бр.12/25**



# СУДСКА ПРАКТИКА

**ПРВОСТЕПЕНА ПРЕСУДА ЗА ФАЛСИФИКУВАЊЕ ПАРИ И ЗЛОСТОРНИЧКО ЗДРУЖУВАЊЕ**

## Одземањето на фалсификуваните пари и средствата употребени за нивна изработка е исто толку важно колку и казната

Основниот кривичен суд Скопје донесе првостепена пресуда врз основа на признание на вина, со која обвинет е огласен за виновен за кривичните дела „злосторничко здружување“ и „фалсификување пари“.

Според утврденото во постапката, обвинетиот бил дел од организирана група која дејствувала на територијата на Република Северна Македонија, Србија и други држави. Групата била насочена кон изработка, набавка и пуштање во оптек на фалсификувани банкноти во евра и американски долари.

Фалсификуваните пари биле пласирани преку мрежа на соработници, а обвинетиот имал активна улога во нивна дистрибуција, пронаоѓање купувачи, посредување и ангажирање лица за транспорт.

Лажните пари биле пласирани преку мрежа на соработници и продавани по цена од 25–30% од нивната номинална вредност.

Во истрагата биле одземени фалсификувани банкноти, како и предмети користени за извршување на кривичните дела.

### ПРАВНА ПОЕНТА

Овој предмет покажува дека учеството во организирана група не се ограничува само на лицата кои директно изработуваат фалсификувани пари. Кривична одговорност постои и за лица кои учествуваат во дистрибуција, посредување, пронаоѓање купувачи или создавање услови фалсификуваните пари да бидат пуштени во оптек.

### Зошто е ова важно?

Фалсификувањето пари е кривично дело што ја загрозува довербата во платниот промет и финансискиот систем. Затоа, покрај казната, важно е и одземањето на фалсификуваните пари и средствата употребени за нивна изработка.

### Одлука на судот

Со пресудата КОК бр. 8/26 од 03.02.2026 година, судот му изрече на обвинетиот единствена казна затвор во траење од 3 години и 6 месеци, во која се засметува и времето поминато во притвор.

Судот го задолжи обвинетиот да плати судски паушал и трошоци на постапката, а донесе и одлука за трајно одземање на фалсификуваните пари и средствата употребени за нивна изработка.

**Пресуда КОК.бр.8/26**

# ЕКОНОМСКИ КРИМИНАЛ

## ФИКТИВНИ ВРАБОТУВАЊА И ЗЛОУПОТРЕБА НА ПОРОДИЛНИ НАДОМЕСТОЦИ – ШЕМА ЗА ПЕРЕЊЕ ПАРИ ПРЕКУ ФЗОМ

Основниот кривичен суд Скопје донесе првостепена пресуда во предмет поврзан со фиктивни вработувања и незаконско користење надоместоци од Фондот за здравствено осигурување.

**ПРВОСТЕПЕНА ПРЕСУДА ЗА ПЕРЕЊЕ ПАРИ ПРЕКУ ФИКТИВНИ ВРАБОТУВАЊА**

Основниот кривичен суд Скопје донесе првостепена пресуда со која обвинетата е огласена за виновна за кривично дело перење пари и други приноси од казниво дело.

Предметот се однесува на шема на фиктивни вработувања, преку која биле создадени формални услови за исплата на надоместоци по основ на бременост, раѓање и мајчинство. Според утврденото во постапката, вработувањата биле прикажани како редовни, но без реално извршување работни задачи.

На овој начин, преку лажно прикажување на плати и придонеси, биле извршени незаконски исплати од Фондот за здравствено осигурување. Средствата потоа биле подигнувани, префрлувани и повторно пуштани во промет, со цел да се прикрие нивното незаконско потекло.

Во конкретниот случај, обвинетата била формално вработена. На нејзина сметка биле исплатени средства по основ на плата и надоместоци, по што дел од средствата биле подигнати или префрлени од друго лице. Судот утврди дека обвинетата примила и пуштила во оптек 122.806 денари, иако знаела или била должна да знае дека средствата потекнуваат од кривично дело.

## Одлука на судот

Со пресудата КОК бр. 13/25 од 27.01.2026 година, судот ѝ изрече на обвинетата условна осуда, со утврдена казна затвор од 3 месеци, која нема да се изврши доколку во рок од 2 години не стори ново кривично дело. Обвинетата е задолжена да плати судски трошоци и да ја надомести штетата од 122.806 денари на Буџетот на Република Северна Македонија.

**ПРАВНА ПОЕНТА**

Формално вработување и прикажани исплати не создаваат законско право на надоместок по основ на бременост, раѓање и мајчинство, доколку се засноваат на измама. Кога обвинетиот прима, располага или пушта во промет средства за кои знае, или бил должно да знае дека потекнуваат од кривично дело, таквото постапување претставува перење пари.

**Зошто е ова важно?**

Овој предмет покажува дека злоупотребата на системите за социјална и здравствена заштита не претставува само административна неправилност, туку може да има и кривична одговорност кога преку измама се извлекуваат јавни средства и потоа се прикрива нивното потекло.

**Пресуда КОК.бр.13/25**



# КРИУМЧАРЕЊЕ НА МИГРАНТИ – ЗАТВОРСКА КАЗНА И ПРОТЕРУВАЊЕ СТРАНСКИ ДРЖАВЈАНИН

## ШТО УТВРДИ СУДОТ?

Според утврденото во постапката, обвинетиот, странски државјанин, со изнајмено возило на територијата на Република Северна Македонија прифатил и превезувал четири лица од Авганистан кои незаконски престојувале во државата. Набргу потоа, возилото било запрено од полициски службеници, а обвинетиот бил откриен при извршување на делото.

## ПРАВНА ПОЕНТА



За постоење на кривичното дело криумчарење на мигранти, доволно е да се овозможи или олесни незаконит влез, транзит или престој на странец на територијата на државата.

Времетраењето на превозот или поминатото растојание не се одлучувачки за постоењето на делото.

## ОДЛУКА НА СУДОТ



Со пресудата КОК бр. 21/26 од 26.03.2026 година, судот го огласи обвинетиот за виновен за кривично дело криумчарење на мигранти и му изрече казна затвор во траење од 8 месеци, со засметување на времето поминато во притвор. Покрај казната затвор, судот му изрече и мерка протерување од државата во траење од 5 години, која ќе се изврши по издржување на казната. Обвинетиот е задолжен да ги плати судските трошоци, а одземен е и предметот употребен за извршување на кривичното дело.

## ЗОШТО Е ОВА ВАЖНО

**ОВОЈ ПРЕДМЕТ ПОКАЖУВА ДЕКА СУДОТ ЈА ОЦЕНУВА САМАТА СУШТИНА НА ДЕЈСТВИЕТО, ПРИФАЌАЊЕ И ПРЕВЕЗУВАЊЕ МИГРАНТИ — НЕЗАВИСНО ОД ТОА ДАЛИ ПРЕВОЗОТ ТРАЕЛ КРАТКО ИЛИ БИЛ ПРЕКИНАТ ВЕДНАШ ПО ЗАПОЧНУВАЊЕТО.**



# АКТУЕЛНО
# БЕЗБЕДЕН ГРАД

Улогата на судот во постапките за сообраќајни прекршоци констатирани преку електронски систем започнува кога лицето не ја прифаќа одговорноста и бара предметот да се разгледа во судска постапка. Во тој случај, судот не постапува како орган што го регистрирал прекршокот, туку како независен орган што треба да овозможи правна заштита, да ја оцени постапката и доказите, и да донесе одлука согласно закон.

## СУДОТ – ГАРАНТ НА ПРАВОТО НА ПРАВНА ЗАШТИТА



### Што ако не ја прифаќате одговорноста за сообраќаен прекршок?

Кога сообраќаен прекршок е регистриран преку посебен електронски систем, сопственикот на возилото или одговорното лице во правно лице добива известување за записникот и прекршочниот платен налог.

Доколку лицето ја прифаќа одговорноста, постапката може да заврши со плаќање на глобата во предвидениот рок. Но, ако лицето не ја прифаќа одговорноста, има право да побара поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд.

За тоа е потребно во рок од 8 дена од приемот на записникот лицето да го испечати записникот со прекршочниот платен налог, да го потпише и лично или по пошта да го достави до надлежниот суд.

Со доставувањето на потпишаниот записник до судот, се иницира прекршочна постапка. Во оваа фаза лицето не е должно да доставува дополнителни докази или објаснувања.

По приемот на записникот, судот постапува согласно закон и го известува органот што го издал прекршочниот платен налог, со цел понатамошно водење на постапката.

**Повеќе инфо на овој [линк](#):**

### Важно е да се знае

Доколку лицето не ја плати глобата и не поднесе барање за поведување прекршочна постапка во законскиот рок, записникот со прекршочниот платен налог може да добие сила на извршна исправа и да биде доставен на присилна наплата.

Ако лицето поднесе барање за судска постапка, но потоа се откаже, не се појави на рочиште без оправдување или поднесе писмено повлекување, судот може да констатира дека лицето се откажало од барањето за водење постапка. Во таков случај, записникот може да добие сила на извршна исправа, а лицето може да биде задолжено и со трошоците на постапката.

### Ако возилото го управувало друго лице

Ако сопственикот не го управувал возилото во моментот на прекршокот, а знае кој го управувал, потребно е во законскиот рок да постапи пред надлежниот орган и да ги достави потребните податоци за лицето кое управувало со возилото.
Ова е важно затоа што прекршочната одговорност треба да се насочи кон лицето кое навистина го управувало возилото во времето на прекршокот.

**Запомнете:**

Ако не ја прифаќате одговорноста за сообраќаен прекршок, имате рок од 8 дена од приемот на записникот да побарате поведување прекршочна постапка пред суд. За тоа треба да го испечатите, потпишете и доставите записникот со прекршочниот платен налог до надлежниот суд.





# ИНТЕРВЈУ

## ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СУДСКИ СОВЕТ АЛЕКСАНДАР КАМБОВСКИ

**Кои активности се преземаат за зајакнување на довербата на граѓаните во судскиот систем?**

Довербата во судството се гради постепено, преку транспарентно, доследно и одговорно постапување. За граѓаните е особено важно предметите да се решаваат навремено, правично и во согласност со закон.

Клучно е јавноста да има јасен и разбирлив увид во работата на судовите, во начинот на постапување и во значењето на судските одлуки. Кога информациите се навремени, точни и достапни, се намалува просторот за недоразбирања и сомнежи.

Интегритетот, стручноста и професионалноста на судиите остануваат основа на кредибилен судски систем. Само преку отвореност, принципиелност и одговорност, судството може да ја зајакне довербата и својот легитимитет во општеството.

Како Претседател на Судскиот совет, сметам дека транспарентноста и навременото информирање се од суштинско значење за јакнење на интегритетот на судството.

Посебно внимание ќе се посвети на поголема достапност на судските одлуки и информации, користење дигитални алатки за информирање, како и на зајакнување на соработката со медиумите.

Покрај тоа, важно е да се развиваат механизми за двонасочна комуникација со јавноста, бидејќи довербата не се гради само со информации, туку и со постојан дијалог.

**Кои се приоритетите во однос на транспарентноста во наредниот период?**

Во наредниот период, приоритет останува унапредување на транспарентноста преку проактивна, навремена и конзистентна комуникација со јавноста.

Во согласност со комуникациските политики и стратешките заложби, фокусот ќе биде ставен на обезбедување јасни и унифицирани информации за работата на судството, со цел граѓаните полесно да ги разберат судските процеси и надлежности.

Транспарентноста и отчетноста остануваат основни принципи за јакнење на довербата на граѓаните и за градење поотворен, поодговорен и покредибилен судски систем.

> „ДОВЕРБАТА ВО СУДСТВОТО СЕ ГРАДИ ПРЕКУ НАВРЕМЕНИ ИНФОРМАЦИИ, ЈАСНА КОМУНИКАЦИЈА, ПРОФЕСИОНАЛНОСТ И ОДГОВОРНО ПОСТАПУВАЊЕ“

# ОСНОВЕН КРИВИЧЕН СУД СКОПЈЕ




Ви благодариме што го прочитавте ова издание на е-билтенот на Основниот кривичен суд Скопје. Нашата цел е преку јасни, навремени и разбирливи информации да придонесеме кон поголема информираност на јавноста и подобро разбирање на работата на судот.

Напомена: Содржините во е-билтенот имаат информативна и едукативна цел. Тие не претставуваат правен совет, не влијаат врз тековни или идни постапки и се објавуваат со почитување на начелата на независност на судот, презумпција на невиност, заштита на личните податоци и правата на странките во постапката.

Основен кривичен суд Скопје
Е-билтен, број 1, април 2026
Адреса: Булевар „Гоце Делчев“ 6.6, 1000 Скопје, Република С Македонија
Контакт телефон: +389 25103102
Е-пошта: osnoven1s@yahoo.com, contact@osskopje1.mk
Веб страна: Основен кривичен суд Скопје Почетна

Лице за заштита од укажувачи:
Радмила Стаматовска
Контакт телефон: 076/484-889
Е-пошта: ukazuvaci@osskopje1.mk

Портпарол: Дејан Ристовски
Контакт телефон: 075/311-914
Е-пошта: dejan.ristovski@osskopje1.mk

ГЛАВЕН УРЕДНИК НА Е-ВЕСНИКОТ:

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СПЕЦИЈАЛИЗИРАНОТО СУДСКО ОДДЕЛЕНИЕ ЗА СУДЕЊЕ КРИВИЧНИ ДЕЛА ОД ОБЛАСТА НА ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ И КОРУПЦИЈА,

СУДИЈА ФАНКА ЈАНЧУЛЕВА - МИХАИЛОВСКА